**20121062746**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „МОДЕРНИЗАЦИЈА НА БЛОК 2 И БЛОК 3 ВО ТЕ БИТОЛА“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 август 2012 година.

Бр. 07- 3633/1
22 август 2012 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „МОДЕРНИЗАЦИЈА НА БЛОК 2 И БЛОК 3 ВО ТЕ БИТОЛА“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“ кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ во износ од 49.232.018 евра, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од оваа гаранција Република Македонија и Дојче банка ќе склучат Договор за гаранција. Министерот за финансии во име на Република Македонија ќе го потпише Договорот за гаранција.

Заемот од ставот 1 на овој член е поделен на два дела во износи од по 24.864.362 евра и 24.367.656 евра.

Износот 24.367.656 евра од ставот 3 на овој член е наменет за модернизација на блок 2 од ТЕ Битола.

Износот 24.864.362 евра од ставот 3 на овој член е наменет за модернизација на блок 3 од ТЕ Битола.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ за проектот „Модернизација на блок 2 и блок 3 во ТЕ Битола“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Заемот од Договорот од членот 1 став 1 од овој закон ќе се отплаќа во 24 еднакви полугодишни рати. Отплатата треба да започне шест месеци по датумот на подготвеност за работа на модернизиран блок. Првата отплата на делот од заемот за блок 3 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2013 година. Првата отплата на делот од заемот за блок 2 треба да започне најдоцна на 20 јуни 2014 година.

Каматната стапка е варијабилна каматна стапка, која претставува збир од шестмесечен ЕУРИБОР плус маргина од 1,675% годишно.

Член 5

Во рок од 30 дена од датумот на склучувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон, на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Во рок од 30 дена од датумот на склучувањето на Договорот за заем од членот 1 од овој закон и на истиот датум секоја наредна година, на средствата од заемот на годишно ниво ќе се плаќа провизија за агент на Дојче банка во износ од 9.500 евра, сé додека заемот не се отплати во целост.

На износот на неповлечените средства од заемот од членот 1 од овој закон на годишно ниво ќе се плаќа провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 3 на овој член ќе се плаќа квартално од датумот на склучувањето на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од членот 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

На останатите обврски поврзани со заемот од членот 1 од овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".